УДК 949.717.04

Коста АЏИЕВСКИ

# ПРВИОТ КРСТОНОСЕН ПОХОД И ПЕЛАГОНИЈА

Крстоносните походи што од XI—XIII век ги презамале западноевропските земји за ослободување на „гробот Господов" и на „светите места" во Палестина од „неверниците", имаат свое место и значење и во историјата на Македонија во споменатиот период. Тоа посебно се однесува на Првиот и на Четвртиот, а делумно и на Третиот крстоносен поход.

Во Првиот крстоносен поход (1096—1099) поголемиот дел од западноевропските феудалци на патот кон Левантот поминале низ Македонија и притоа, хроничарите и историчарите на походот оставиле мошне интересни податоци за местата низ кои поминувале крстоносците, а во Четвртиот поход (1202—1204) по ликвидирањето на Византиското Царство, како што е познато, во еден дел на Македонија е формирана крстоносна држава со центар во Солун, која ќе егзистира дваесет години.

Крстоносците од Третиот поход (1189—1192), навистина, не поминале преку територијата на Македонија, меѓутоа, една епизода од нивното минување преку Балканскиот Полуостров (се движеле по трасата на патот Виа Милитарис), е поврзана со историјата на Македонија, односно со дејноста на македонскиот феудалец Добромир Хрс. Нашето внимание овој пат подетално ќе го задржиме на Првиот крстоносен поход и ќе се обидеме да презентираме дел од податоците на западните автори за минувањето на крстоносците низ Македонија, поточно, податоците кои се однесуваат на најголемата македонска рамнина — Пелагонија.

На патот кон Палестина во Првиот крстоносен поход најголемиот дел од западноевропските крстоносци ја користеле трасата на патот Виа Егнација, која го пресекувала Балканскиот Полуостров во правецот запад-исток и претставувала најкуса копнена врска помеѓу Западна Европа и Блискиот Исток.[1] Трасата на Виа Егнација

[1] За овој мошне значаен пат во антиката и средниот век подетално cf. G. L. F. Tafel, De via militari romanorum Egnatia, Tübingen 1842; K. Miller, Itineraria Romana, Römiche Reisenwege an der Hand der Tabula Peutingeriana, Stuttgard 1916; Monumenta cartographica Jugoslaviae, I, Београд 1974, 53.

од Драч кон Солун и Цариград во најголем дел минувала низ Македонија, а во еден дел и низ Пелагониската рамнина. Во Пелагонија влегувала кај превојот Ѓавато, се движела по нејзините јужни предели и на крајниот југ преку Килит Дервен ја напуштала рамнината.[2]

Минувањето на крстоносците низ Пелагонија го регистрираат западноевропските писатели, меѓу кои посебно треба да се споменат Рајмунд од Ажил, Фулхер од Шартр и Петар Тудебод, кои биле директни учесници во походот и лично поминале низ Пелагонија. Тука треба да се спомене исто така и Вилем Тирски, најпознатиот западноевропски историчар на Првиот крстоносен поход, кој пишувал нешто подоцна (втора половина на XII век), но исто така лично престојувал во Пелагонија и во Битола.[3] Од податоците што ги даваат западноевропските извори произлегува дека кон крајот на XI век низ Пелагонија, всушност, поминал цветот на западноевропското рицарство под водство на најистакнатите западноевропски крупни феудалци, какви што биле: грофот Рајмунд Тулуски, херцогот Роберт Нормандиски, грофот Стефан од Блуа и Шартр, грофот Роберт Фландриски, Хуго Вермандуа и др.

Иако не постојат конкретни податоци, со голема веројатност може да се претпостави дека низ Пелагонија прв поминал Хуго Вермандуа, брат на францускиот крал Филип I. Уште есента 1096 година тој со мала војска се префрлил од Бари до Драч, а оттаму, најверојатно, по Виа Егнација се упатил кон Цариград.[4] Меѓутоа, за неговиот пат од Драч кон Цариград во изворите нема никакви податоци. Нема конкретни податоци исто така и за движењето на крстоносците од Северна Франција што ги предводел грофот Роберт II Фландриски. Единствено се знае дека до Јужна Италија тие се движеле заедно со другите крстоносци од Северна Франција. Но тука дошло до раздвојување. Роберт Нормандиски и Стефан од Блуа останале да презимат во Италија, додека Роберт Фландриски го продолжил патот и зимата 1097 година со војската се префрлил од Апулија на албанскиот брег, а оттаму продолжил кон Цариград.[5] Постои голема веројатност и оваа крстоносна војска да ја користела главната траса на Виа Егнација, која минувала низ Пелагонија, но за тоа, мораме да признаеме, немаме податоци во познатите извори.

---

[2] Cf. K. Miller, Itineraria Romana, 521; Monumenta cartographica Jugoslaviae, 53; Г. Шкриванић, Путеви у средњовековној Србији, Београд 1974, 76—78.

[3] За овие, а исто така и за останатите извори за Првиот крстоносен поход сп. М. Заборов, История крестовых походов в документах и материалах, Москва 1977, 6—20.

[4] Cf. F. Chalandon, Essai sur le règne d'Alexis I-er Comnène (1081—1118), Paris 1900, 174 sq.; S. Runciman, The first crusader's journey across the Balkan peninsula, Byzantion XIX (1949), 214 sq.; Idem, A. History of the Crusades, vol. I: The First Crusade and the Foundation of the Kingdom of Jerusalem, Cambridge 1975, 142—144; С. Георгиев, Първият кръстоносен поход и българските земи, Българска Историческа Библиотека, I/2, София 1928, 96 сл.

[5] Cf. Runciman, The first crousader's journey, 218; Idem, The First Crusade, 166 sq.; Георгиев, Първият кръстоносен поход, 112 сл.

Според податоците на западните извори со сигурност може да се констатира дека низ Пелагонија поминале две големи крстоносни војски и тоа: (1) Крстоносците од Јужна, а делумно и Средна Франција, што ги предводел грофот Рајмунд Тулуски и, (2) Крстоносците од Северна Франција, што ги предводеле херцогот Роберт Нормандиски и грофот Стефан од Блуа и Шартр.

Низ Пелагонија прва поминала војската што ја предводел грофот Рајмунд IV Тулуски, еден од најкрупните феудалци не само во Франција, туку во цела Јужна Европа во тоа време. Оваа, според некои извори, најбројна крстоносна војска,[6] од Јужна и Средна Франција се движела кон исток по копнен пат. Преку Алпите, Северна Италија, Истра и Далматинското крајбрежје зимата 1097 година пристигнала во Драч, а оттаму по Виа Егнација се упатила кон Цариград.[7] На патот кон Цариград крстоносците биле изложени на постојани напади од страна на византиските наемнички одреди составени главно од Печенези, Кумани и Турци. Тие будно го следеле минувањето на западните воини и настојувале да ја искористат секоја погодна прилика да им нанесат штета и да ги вознемират со ненадејни напади. Мета на нивните напади главно биле оние крстоносци, поединци или групи, кои се одвојувале од главнината на крстоносната војска или пак во движењето заостанувале зад неа. Еден таков напад на Печенезите бил преземен во Пелагониската рамнина и притоа малку требало па да настрада епископот на Подија Адемар, кого папата Урбан II го назначил за свој наместник и легат, односно за главен духовен водач на походот.[8]

Главен извор за овој настан, а воедно и очевидец, е свештеникот од Подија Рајмунд од Ажил, инаку капелан на грофот Рајмунд Тулуски. Според неговото известување, додека крстоносците се наоѓале in valle Pelagoniae еден ден епископот на Подија Адемар се одалечил малку повеќе од логорот и притоа бил нападнат и фатен од Печенезите (Pincenatis). Напаѓачите го симнале епископот од маската на која јавал, го удриле по главата и тешко го повредиле, а потоа го опљачкале. Меѓутоа, при делењето на пленот дошло до раздор меѓу напаѓачите. Нивната караница и викотница се чула дури до логорот на крстоносците кои брзо реагирале, ги растерале напаѓачите и успеале да го спасат својот духовен водач.[9]

---

[6] Бројноста на оваа најголема крстоносна војска се проценува на околу 10.000 крстоносци, не сметајќи ги тука членовите на фамилиите, жените, децата и старците, кои голем дел од крстоносците ги повеле со себе, Cf. Rumciman, The First Crusade, 337.

[7] За составот и патот на оваа крстоносна војска од Јужна Франција кон Цариград, каде што било зборното место на крстоносците, сп. Георгиев, Първият кръстоносен поход, 106—111; Runciman, The First Crusade, 159—162; Idem, The first crusader's journey, 217 sq.; Chalandon, Essai, 187.

[8] Cf. Runciman, The First Crusade, 109; Георгиев, Първият кръстоносен поход, 106; М. Заборов, Крестоносцы и их походы на восток в XI—XIII веках, Москва 1962, 43.

[9-10] Raimundi de Aguilers canonici Podiensis Historia Francorum qui ceperunt Iherusalem, Recueil des historiens des croisades. Historiens occidentaux, III, Paris 1866, 237 A—B; Petri Tudebodi seu Tudebovis, sacerdotis sivracensis,

Овој настан во Пелагонија го регистрираат и Тудебод, Имитаторот и Продолжувачот на Тудебод и Вилем Тирски. Притоа, Тудебод и неговиот Имитатор и Продолжувач не наведуваат каде се случил настанот, додека според Вилем Тирски, кој не е современик на настанот, нападот на епископот Адемар го извеле „Бугари".[10]

Малку време по минувањето на крстоносците од Јужна Франција низ Пелагонија поминала втората голема крстоносна војска. Тоа биле крстоносците од Северна Франција предводени од херцогот Роберт Нормандиски, син на англискиот крал Вилем Освојувачот, и неговиот зет од сестра грофот Стефан од Блуа и Шартр. Оваа крстоносна војска презимила во Јужна Италија, а пролетта 1097 година со бродови се префрлила до Драч и потоа по Виа Егнација се упатила кон Цариград.[11] Патот на крстоносците од Драч до Цариград, пределите и градовите низ кои поминувале ги опишува историчарот Фулхер од Шартр, кој бил директен учесник во походот. Меѓу градовите низ кои поминале крстоносците на овој пат Фулхер од Шартр го споменува и градот Botella.[12] Очигледно е дека се работи за градот Битола, главен центар на Пелагонија во овој период, кого западниот писател го наведува со неговото словенско име.

Покрај Пелагонија и градот Битола западните извори за Првиот крстоносен поход споменуваат уште еден топоним кој, се чини, се наоѓал исто така во Пелагонија. Имено, при набројувањето на градовите низ кои поминале крстоносците на патот од Драч кон Цариград, Фулхер од Шартр веднаш по Битола го наведува градот Bofinat.[13] Од друга страна, Рајмунд од Ажил, Тудебод и Имитаторот и Продолжувачот на Тудебод, опишувајќи ги настаните непосредно по случката со епископот Адемар во Пелагонија, известуваат дека крстоносците пристигнале до некоја тврдина по име Bucinat (Buchinat, Bichinat).[14] Тука грофот Рајмунд Тулуски бил известен дека во теснините на некоја планина Печенезите подготвувале напад врз крстоносците. Тогаш, известуваат овие извори, Рајмунд Тулуски се потрудил да им приреди непријатно изненадување на Печенезите. Со

---

Historia de Hierosolymitano itinere, Recueil des historiens des croisades, Historiens occidentaux, III, Paris 1886, 19; Tudebodi Imitati et Continuati Historia peregrinorum euntium Ierusolymam ad liberandum Sanctum sepulcrum de potestate etnicorum, Recueil des historiens des croisades. Historiens occidentaux, III, Paris 1866, 178—179; Guillelmi Tyrensis Archiepiscopi, Historia rerum in partibus transmarinis gestarum, ed. Migne PL 201, Paris 1903, 268 C—D. Сп. Георгиев, Първият кръстоносен поход, 109; Runciman, The first crusader's journey, 218; Idem, The First Crusade, 161, кој и во двата случаја го бележи настанот, но не кажува каде се одиграл.

[11] За составот и итинерерот на оваа војска од Северна Франција до Цариград сп. Runciman, The First Crusade 164—168; Idem, The first crusader's journey 218 sq.; Георгиев, Първият кръстоносен поход 111—114.

[12] Fulcherii Cartonensis Historia Iherosolymitana, Recueil des historiens des croisades. Historiens occidentaux, III, Paris 1866, 330 H.

[13] Ibid., 330 H.

[14] Постојат неколку варијанти на името на оваа тврдина и тоа: Bucinat (Raimund d'Aguiler 237; Tudebodi Imitati et Continuati 179), Bichinat, Buchinat (Tudebod 19 n. 20).

дел од рицарите малку заостанал зад војската и од заседа ненадејно ги нападнал Печенезите и целосно ги разбил.[15]

Нема сомнение дека западните извори, всушност, известуваат за еден ист топоним, односно дека Bucinat (Buchinat, Bichinat) е веќе порано споменатиот Bofinat, бидејќи сличноста на имињата е очигледна. Покрај тоа, како што видовме, првиот топоним се наведува непосредно по инцидентот со епископот Адемар во Пелагонија, а вториот веднаш по Битола, што секако не е случајно и неминовно упатува на констатацијата дека е во прашање ист топоним со различна транскрипција на латински јазик.

Колку што ни е познато, топонимот не е идентификуван ниту лоциран.[15a] Неговото латинско име, според наше мислење, јасно асоцира на името на селото Буф (Bufi, Akritas) во денешна Грција. Селото е лоцирано во Југозападна Пелагонија на јужните падини на Баба, во малата котлина помеѓу планините Баба и Бигла. Источно од селото во неговата непосредна близина се наоѓа локалитетот „Градиште“ каде сеуште можат да се видат остатоци од стара тврдина.[16] Локалитетот се наоѓа на едно возвишение и има доминантна положба во овој дел на Пелагонија. Тврдината го контролира патот Виа Егнација кој поминувал во нејзината близина, но исто така и приодот кон Пелагонија од југозапад, од Корча и Костур, бидејќи во нејзината близина поминувал и патот кој од овие области водел во Пелагонија.

Според нашите сознанија, локалитетот не е археолошки истражуван. Во изворите со кои располагаме селото Буф се споменува единствено во турските дефтери од втората половина на XV век. Според пописниот дефтер од 1468 година селото спаѓало во Битолската нахија, а според пописниот дефтер од 1481 година се наведува во Леринската нахија.[16a] Од друга страна, Bofinat (Bucinat, Buchinat) го споменуваат само западните извори, па поради тоа не е можно да се каже нешто повеќе за него. Очигледната сличност на имињата на двата топонима, а посебно постоењето на тврдина во близината на селото Буф, недвосмислено упатуваат на претпоставката дека Bofinat, Buchinat, Bucinat кај западните извори за Првиот крстоносен

---

[15] Raimund d'Aguiler 237 B—C; Tudebod 19—20; Tudebodi Imitati et Continuati 179. Георгиев (Първият кръстоносен поход 109), а исто така и Rumciman (The first crusader's journey 218; The First Crusade 161) претпоставуваат дека Печенезите го подготвиле нападот врз крстоносците во теснините околу Воден и дека таму биле разбиени.

[15a] Единствено Ф. Делгер се обидел да го поврзе Bucinat со Воден и тоа мошне несигурно, ставајќи по Воден знак на прашалник. Cf. F. Dölger, Regesten der Kaiserurkunden des Oströmischen Reiches, Teil II: 1025—1204, München — Berlin 1925, 1198 p. 46.

[16] Сп. Т. Симовски, Населените места во Егејска Македонија, кн. прва, Скопје 1978, 106.

[16a] Турски документи за историјата на македонскиот народ. Опширни пописни дефтери од XV век, том II, под редакција на М. Соколоски, Скопје 1973, 250, 367. Cf. V. Kravari, Villes et villages de Macédoine occidentale, Paris 1989, 244.

поход е, најверојатно, селото Буф во Југозападна Пелагонија, кое во средниот век имало своја тврдина и претставувало важно утврдување на патот Виа Егнација во овој дел од рамнината.

Ако ја прифатиме ваквата претпоставка можно е поблиску да се лоцираат и теснините каде што Печенезите подготвувале напад врз крстоносците, за што Рајмунд Тулуски, како што видовме, бил известен во Buchinat. Имено, ако ја имаме во предвид трасата на Виа Егнација по која се движеле крстоносците, јасно е дека првите теснини на кои наидува патот се теснините помеѓу Нице и Нередска планина на крајниот југ на Пелагонија. Тука, преку превојот Килит Дервен Виа Егнација ја напушта Пелагониската рамнина и продолжува во областа на Петерското и Островското езеро. Овие теснини се мошне погодни за ненадеен напад и тука, најверојатно, Печенезите се обиделе, неуспешно, да им приредат заседа на крстоносците.

Според известувањето на некои западни извори и тоа: анонимниот автор на Gesta Francorum, Роберт Монах, Тудебод, Имитаторот и Продолжувачот на Тудебод и Вилем Тирски, на патот кон Палестина низ Пелагонија поминале и крстоносците од Јужна Италија, под водството на норманскиот кнез Боемунд Тарентски. Според овие извори, крстоносците од Јужна Италија во почетокот на 1097 година ја напуштиле околината на Костур, каде што го отпразнувале Божик и навлегле во Пелагонија. Тука освоиле и заедно со жителите запалиле некој еретички град,[17], кој бил изграден на некое езеро.[18]

Ваквата маршрута на крстоносците што ги предводел Боемунд Тарентски, речиси, без резерва е прифатена во литературата. Се смета дека крстоносците на Боемунд од Костур влегле во Пелагонија,[19] односно, во Битолското поле,[20] или дури во Битолското и Прилепското поле каде што го уништиле еретичкиот каструм.[21] Меѓутоа, изгледа дека крстоносците од Јужна Италија, сепак, не поминале низ Пелагонија. На ваква претпоставка упатуваат некои индикации на кои подетално ќе се задржиме во натамошното изложување.

Споменатата маршрута на крстоносците од Јужна Италија за нас е неприфатлива, главно, од две причини и тоа: (1) Поради познатиот факт дека во Пелагонија нема езеро, и (2) Поради тоа што таа би значела, всушност, непотребно и необјасниво отстапување на крстоносците од природниот пат што води од Костур кон Солун и Цариград.

---

[17] Anonymi Gesta Francorum et aliorum Hierosolymitanorum ed. L. Bréhier: Histoire anoniyme de la Première croisade, Paris 1924, 22; Roberti monachi Historia Iherosolimitana, ed. Bongars, Recueil des historiens croisades, Historiens occidentaux, III, Paris 1879, 745 C—D; Guillelmi Tyrensis 263 A—B. Cf. Chalandon, Essai 184; Георгиев, Първият кръстоносен поход 102 сл.; Историја на македонскиот народ, I, Скопје 1969, 173 сл.; В. Златарски, История на българската държава през средните векове, т. II, София 1972, 236 сл.

[18] Tudebod 16; Tudebodi Imitati et Continuati 177.

[19] Chalandon, Essai 184.

[20] Златарски, История II 236.

[21] Георгиев, Първият кръстоносен поход 102 сл.; Историја на македонскиот народ, I, 174 — Б. Панов; истиот во: Теофилакт Охридски како извор за средновековната историја на македонскиот народ, Скопје 1971, 338.

Фактот дека во Пелагонија нема езеро ги збунувал истражувачите и во голема мерка ги отежнувал нивните напори за убицирање на градот на еретиците. Според нашите сознанија, еретичкиот каструм се обиделе поблиску да го лоцираат Д. Ангелов, С. Антолјак, Т. Томоски и во поново време М. Драгојловиќ. Од нив, единствено Томоски изразува сомнение во споменатата маршрута на крстоносците и во локацијата на еретичкиот каструм во Пелагонија. Поаѓајќи од правецот на движењето на крстоносната војска тој упатува на Острово како на можна локација на еретичкиот каструм.[22] Ангелов го бара еретичкиот каструм близу до Битола и Прилеп,[22a] додека Драгојловиќ предлага негово лоцирање помеѓу Прилеп и Битола, иако е познато дека во овие предели нема езеро.[23] Од друга страна, Антолјак се обидел сосема прецизно да го лоцира градот на еретиците. Меѓутоа, и неговата локација не може да се прифати, бидејќи се наоѓа во Преспа, далеку од патот по кој се движеле крстоносците на Боемунд Тарентски. Имено, за да ја поткрепи својата претпоставка за потеклото на името на преспанското село Асамати од богомилите, Антолјак дошол до заклучок дека, всушност, Асамати е еретичкиот каструм што го спомнуваат западните извори за Првиот крстоносен поход.[24] Меѓутоа, ваквата претпоставка, без доволно аргументи и, што е уште позначајно, без вистинска потврда во изворите, може лесно да се оспори.

Така, меѓу другото, Антолјак ја поткрепува својата претпоставка и со констатацијата дека Преспанското езеро влегува во пошироките рамки на Пелагонија, што не може да се прифати, и дека тоа единствено е најблиску до тој предел, со што исто така не можеме да се согласиме. С. Антолјак, највероjатно го имал во предвид само делот на Пелагонија што се наоѓа во составот на Република Македонија заборавајќи, притоа, дека еден помал дел од рамнината се наоѓа во составот на соседна Грција, односно, дека Пелагонија се протега на југ сè до падините на Ниџе и Нередска планина. Според тоа, јасно е дека спомнатиот заклучок на Антолјак не е точен, бидејќи, Петерското и Островското езеро се поблиску до Пелагонија од Преспанското. Освен тоа, што е мошне важно, Антолјак не ја разгледува подетално маршрутата на крстоносците од Костур до Асамати на брегот на Преспанското езеро. Без коментар прифаќа дека крстоносците од Костур влегле во Пелагонија, но не кажува каде, односно, во кој нејзин дел и по кој пат. Изгледа дека, сепак, го прифаќа мислењето на издавачите на латинските извори на бугарски јазик, чиј коментар го цитира, дека под Пелаго-

---

[22] Т. Томоски, Преспа во средниот век, Историја XV/2 (1979), 75.

[22a] Д. Ангелов, Богомилството в България, София, 1969, 374.

[23] Д. Драгојловић, Богомилство на Балкану и у Малој Азији, II, Београд 1982, 102.

[24] С. Антолјак, Преспански Асамати — „утврден град на еретиците" кај езерото во Пелагонија од Првата крстоносна војна (1096)?, Гласник на Институтот за национална историја, XVIII/1 (1974), 109—117; Idem, Makedonski heretici u zapadnim izvorima 11 i 12 stoljeća, во: Богомилството на Балканот во светлината на најновите истражувања, Скопје 1982, 59.

нија се подразбира Битолското поле и градот Битола.[25] Според тоа, според маршрутата на Антолјак излегува дека крстоносците на Боемунд од околината на Костур влегле во Битолското поле, а оттаму се упатиле на запад кон Преспа за да го уништат градот на еретиците, што е речиси неверојатно, особено ако се знае дека целиот тој пат морале да го поминат во зимски услови (јануари 1097 год.).

Во настојувањето да собере што повеќе аргументи за својата претпоставка Антолјак направил уште еден поголем пропуст. Имено, пишува дека Петар Тудебод, на кого најмногу се повикува во докажувањето на својата теза, „со свои очи го видел и го опишал еретичкиот утврден град во Пелагонија",[26] што не одговара на фактичката состојба. Имено, Тудебод бил во составот на крстоносната војска од Средна Франција, а не со крстоносците од Јужна Италија кои го уништиле еретичкиот каструм.

Доаѓањето на крстоносците од Костур во Пелагонија би претставувало сосема непотребно скршнување од правиот пат кон Цариград. Имено, единствениот пат по кој крстоносците на Боемунд би можеле од Костур на дојдат во Пелагонија е оној што води северно од Костур, се спојува со патот што доаѓа од Корча и продолжува кон север, а потоа преку високиот Писодерски проод свртува на исток кон Лерин. Иако во поголемиот дел минува по должината на Бистрица (Алиакмон) патот е доста тежок, посебно кога се оди од Костур кон Лерин, бидејќи се оди од пониски кон повисоки предели. Комуникацијата по овој пат е значително отежната особено во зимски услови, како во нашиот случај, бидејќи мора да се помине високиот Писодерски проод (1520 м.).

Од друга страна, источно од Костур минува пат кој го поврзува овој град со Острово, Воден и натаму со Солун и Цариград. Патот поминува преку јужните падини на Нередска планина помеѓу Загоричани и Клисура, преку Лехово слегува во Сари Ѓол и во близината на Петерското и Островското езеро се спојува со Виа Егнација. Овој пат е многу покус и полесен од претходниот и всушност претставува прв пат кој го поврзува Костур со Острово, Воден и Солун. Според тоа, логично е да се претпостави дека Боемунд го избрал токму овој пат за да излезе од Костур на главната траса на Виа Егнација, особено ако се знае дека добро ги познавал овие предели уште од војната со Византија од пред петнаесетина години. Покрај тоа, во близината на споменатиот пат во Сариѓолската низина постоеле дури четири езера и тоа: малото езеро Зазерци, Рудничкото езеро (денес двете се исушени со мелиорација), потоа Петерското и Островското езеро. На едно од нив, секако, би требало да се бара локацијата на градот на еретиците, што немилосрдно го уништиле крстоносците од Јужна Италија предводени од Боемунд Тарентски.

Според тоа, изгледа дека кај западните извори дошло до забуна. Поради близината и големата сличност на пределот, посебно кога се доаѓа од запад, тие, се чини, Сариѓолската низина, која е

[25] Антолјак, Преспански Асамати 111 бел. 13.
[26] Antoljak, Makedonski heretici 59.

одвоена од Пелагонија со падините на Нередска планина, ја поистоветиле со Пелагониската рамнина. Тоа во прв ред се однесува на анонимниот автор на Gesta Francorum, кој лично учествувал во походот во војската на Боемунд Тарентски, додека останатите западни извори тоа го презеле од него, бидејќи при пишувањето го користеле неговото дело, или пак како негови современици (Петар Тудебод) лично се информирале за походот на крстоносците од Јужна Италија.

Kosta ADŽIEVSKI

## DER ERSTE KREUZZUG UND PELAGONIA

(Zusammeufassung)

Beim ersten Kreuzzug (1096—1099) der grössere Teil der europäischen Kreuzritter bewegten sich durch Via Egnatia und vergingen durch die Tiefebene Pelagonia. Nach den geschichtlichen Quellen vergehen durch Pelagonia die hervorragenden europäischen Feudalheren wie: Graf Raimund von Toulouse, Graf Robert von Normandie, Grof Robert von Flandern, Graf Stephan von Blois, Hugo Vermandois u. s. w.

Die westlichen Quellen berichten über valle Pelagoniae, die Festung Botella (Bitola) und die Festung Bofinat, Buchinat, Bichinat, die sich in der Nähe des Dorfes Buf (Bufi, Akritas), nordwestlich von Lerin (Florina) befindet.